Одборот на директори на АД ОХРИДТУРИСТ - ОХРИД согласно Одлуката за свикување на Собранието на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ - ОХРИД од 14.03.2025 година објавува:

ЈАВЕН ПОВИК

За свикување и одржување на Собрание на акционерите на АД ОХРИДТУРИСТ- ОХРИД

Седницата на Собранието на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ- ОХРИД ќе се одржи на ден 16.04.2025 година (среда) со почеток во 12:00 часот во просториите на седиштето на друштвото Хотел ПАЛАС – Охрид на Улица Партизанска број 8 Охрид.

За Собранието на акционери се предлага следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Избор на претседавач и работни тела.

2. Избор на членови на Одборот на директори на Хотелско –угостителско акционерско Друштво ,,ОХРИДТУРИСТ,, - Охрид

Акционерите на седницата можат да присуствуваат лично или можат да именуваат полномошник. Именувањето на полномошник се врши со нотарски заверено писмено полномошно. Акционерот треба веднаш писмено да го извести друштвото за секое издадено полномошно. Акционер кој нема да го извести друштвото за дадено полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Услов за уважување на полномошно и верификација на инструкциите за гласање, акционерот, заради утврдување на личниот идентитет е должен известувањето за даденото полномошно да го достави до друштвото, да приложи и соодветен докумета за идентификација и тоа:

1. За акционер физичко лице копија од лична карата или пасош,
2. За акционер правно лице тековна состојба од Централен регистар на на РМ во оригинал не постара од 10 дена.

За важечко ќе се смета и полномошно за застапување дадено од акционер на заверено од нотар. Акционерите или нивните полномошници може да учествуваат на седница на собранието и да го остварuваат правото на глас само под услов своето учество да го пријавиле пред одржување на Собранието, како и да поседуваат документ за лична идентификација.

Пријавување за учеството на Собранието акционерите го вршат со писмена пријава, а кон пријавата приложуваат заверено полномошно во оригинал и писмено известување од акционерот давател на полномошното како и фотокопија од документацијата наведена за идентификација.

Достави на полномошна и известувања се вршат во седиштето на АД ОХРИДТУРИСТ- ОХРИД на Улица Партизанска број 8, Охрид.

Се повикуваат акционерите или нивните полномошници навремено да го пријават своето учество на Собранието за уредно спроведување на процедурата за одржување на Собранието.

Акционери кои поединично или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, имаат право да достават предлог за долонување на дневниот ред како и предлог одлуки поврзано по точките од дневниот ред со образложение. Акционерот барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред за работа на Собранието и предлагање на одлуките за усвојување можат да го достават во рок од осум дена од денот на објавата на Јавниот повик за одржување на Собранието на акционерите до Одборот на Директори.

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја точка од дневниот ред на Собранието. Одговорите на поставените прашања друштвото ќе ги објави на својата интернет страница.

Заинтересираните лица и акционери можат да извршат увид и подигање на материјалите подготвени за Собранието во архива на друштвото секој работен ден во време од 12,00 – 14,00 часот.

Материјалите се достапни и на официјалната интеренет страница на друштвото www.ohridturist.mk.

АД ОХРИДТУРИСТ- ОХРИД
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ
Борче Илиоски с.р.